# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

27 декември 2012 | Излегува по потреба | Година VII | број 14



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот на ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'' за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба, за 2012 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот на ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'' за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/1**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 4, член 36 став 1, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), а во согласност со Одлуката за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - корисници за 2012 година, бр.07-106/3 од 24.01.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.1/12), расправајќи по Извештајот на ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'' за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2012 година, бр.0804-850 од 13.12.2012 година, Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ''ВОДОСТОПАНСТВО СКОПСКО ПОЛЕ - СКОПЈЕ'', ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвои Извештајот на ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'' за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2012 година, бр.0804-850 од 13.12.2012 година.

2. Заклучокот да се достави до ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје''.

3. Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 4030/3**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, за 2013 година**

1. Се објавува Одлуката за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/2**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 82 и 83 од Законот за водостопанства (''Службен весник на РМ'' бр.85/03, 95/05, 103/08, 1/12 и 95/12) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), разгледувајќи го Предлогот за повторно превземање на обврската за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, бр.0804-753 од 13.11.2012 година, поднесен од ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'', Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четвртата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ**
**ВОДЕН НАДОМЕСТ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ**
**ФИЗИЧКИ ЛИЦА - ВОДОКОРИСНИЦИ, ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба превзема обврска за плаќање годишен воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници (сопственици/корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште) на подрачјето на општината.

Превземената обврска од став 1 на овој член, општината треба да ја исполни кон ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'', и истата се однесува за 2013 година.

**Член 2**

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување ''Скопско Поле'' се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - водокорисници.

Надоместот по хектар (ха) изнесува 2400 денари.

Вкупниот надомест кој општината треба да го исплати на Водостопанство Скопско Поле - Скопје изнесува 3.882.672,00 денари, со вкучен ДДВ (со зборови: тримилиониосумстотиниосумдесетидвеилјадишестотиниседумдесетидваденари), за 2013 година.

**Член 3**

Превземањето на обврската за плаќање на воден надмест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, и начинот на утврдување на висината на надоместокот за одводнување, се регулирани во член 82 и 83 од Законот за водостопанства (''Службен весник на РМ'' бр.85/03, 95/05, 103/08, 1/12 и 95/12 ).

**Член 4**

Надоместот од член 2 став 3 на оваа одлука, ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината од страна на ''Водостопанство Скопско Поле - Скопје'', се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/4**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/3**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 6/12), член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба" расправајќи по Одлуката на Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'', за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, бр.02-155/3 од 12.12.2012 година, на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, бр.02-155/3 од 12.12.2012 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007''.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007''.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 4030/5**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/4**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 6/12), член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба" расправајќи по Одлуката на Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'', за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2013 година, бр.02-155/4 од 12.12.2012 година, на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, бр.02-155/4 од 12.12.2012 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007''.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007''.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 4030/6**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-3936/1 од 11.12.2012 година, за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-3936/1 од 11.12.2012 година, за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/5**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 109 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-3936/1 од 11.12.2012 година, на Педесет и четвртата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Советот на Општина Гази Баба ја прифаќа Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, бр.08-3936/1 од 11.12.2012 година.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по донесувањето на овој заклучок да пристапи кон изготвување на Предлог - Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, и истата да ја достави на разгледување и одлучување до Советот на Општина Гази Баба.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 4030/7**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/6**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 109 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четвртата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), кај ГЛАВА IX ''Јавни трибини, анкети и предлози на граѓани'', насловот се менува и гласи ''Јавни трибини, анкети, предлози на граѓани и форуми на заедниците''.

**Член 2**

По членот 83, се додава нов член ''83-а'', кој гласи:

''Член 83-а

Градоначалникот на општината и Советот на општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член, може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа, одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Гази Баба, што го донесува Советот на општината, по предлог на Градоначалникот.''

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа одлука, да изготви Предлог - Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Гази Баба, и истиот да го достави на разгледување и одлучување до Советот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 4030/8**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување потреба од измена на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктура нема да се предвиди по барање УП1 бр.28-12165 за КП 621/1 КО Јурумлери**

1. Се објавува Одлуката за утврдување потреба од измена на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктура нема да се предвиди по барање УП1 бр.28-12165 за КП 621/1 КО Јурумлери, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/7**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 12 став (1) алинеа 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (''Службен весник на РМ'' бр.23/2011, 54/2011 155/12), член 2 став (1) алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-12165 ЗА КП 621/1 КО ЈУРУМЛЕРИ

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, со УП1бр.28-12165 од 29.08.2011 година, од страна на лицето Ласте Саздовски, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 621/1 КО Јурумлери, на ул.1 бр.12А-9, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши поместување на улицата односно истата нема да се предвиди во урбанистичко- планска документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација (''Службен весник на РМ'' бр.56/11 ).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член е предвидена за изградба со урбанистичката документација за населено место Јурумлери, усвоена од Советот на Општина Гази Баба, со Одлука бр. 07-134/7 од 27.02.2003 година.

### Член 2

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба заради усогласување на трасите на секундарна сообраќајна инфраструктура, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот урбанистички план.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 4030/9**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта - улици, на подрачјето на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта - улици, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/8**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02), член 55 став (1), точка 4, подточка - в, член 62 од Законот за јавните патишта (''Службен весник на РМ'' бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11 и 44/12) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА - УЛИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта - улици, на подрачјето на Општина Гази Баба, при поставување на инфраструктура (инсталации) во трупот на патот - улицата и во патниот појас.

### Член 2

Под изразот ''инфраструктура'' употребен во оваа одлука се подразбира: постојните и планираните подземни и надземни инсталации и градби од областа на: сообраќајот, електричните инсталации, гасоводи, нафтоводи, водовод и канализација, топлификација, телекомуникации и други инсталации.

### Член 3

Надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас на општинските патишта - улици ќе изнесува:

- За поставување на инсталации во трупот на патот, надоместокот ќе изнесува 7 евра / м1 (метар должен), во денарска противредност, и

- За поставување на инсталации во патниот појас на општинските патишта- улици ќе изнесува 1 евро / м1(метар должен), во денарска противредност.

- (Денарската противредност се определува по средниот курс на Народна банка на РМ на денот на пресметката).

- Висината на надоместокот од став (1) на овој член, ќе се пресмета врз основа на проектната документација, доставена од инвеститорот.

- Висината на надоместокот од став (1) на овој член, се пресметува и за градби за кои одобрение за градење издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и Градот Скопје, а се однесуваат на поставување на инфраструктура (инсталации) во трупот на патот - улицата и во патниот појас на подрачјето на Општината Гази Баба''.

### Член 4

По барање на инвеститорот со прилог доказ за извршена уплата на средствата од член 2 на оваа одлука, општинската администрација спроведува постапка за издавање на одобре-

ние за градење согласно закон.

**Член 5**

По спроведување на постапката за издавање на одобрение за градење, а пред донесување на одобрението за градење, инвеститорот е должен да достави банкарска гаранција во висина потребна за враќање во првобитна состојба на прекопите и оштетувањата на јавните површини, согласно проектната документација.

**Член 6**

По издавање на правосилно одобрение за градење, инвеститорот е должен пред почетокот на работите:

- да склучи договор со Градоначалникот на Општина Гази Баба за регулирање на односите согласно одредбите на оваа одлука и останатите позитивни прописи, и

- да ја извести општинската администрација - сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност, чии службеници на лице место со инвеститорот или негови претставници ја констатираат состојбата пред започнување на работите, и изготвуваат записник за констатирана состојба.

По завршување на работите, се констатираат оштетувањата и се задолжува инвеститорот за враќање во првобитна состојба на прекопите и оштетувањата на јавните површини во рок од 30 (триесет) дена.

**Член 7**

Обезбедените средства од член 2 на оваа одлука, се строго наменски и се користат исклучиво за изградба, реконструкција, рехабилитација и заштита на општинските патишта-улици.

**Член 8**

Се задолжуваат Градоначалникот на Општина Гази Баба и секторот за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност, да вршат надзор врз примената на оваа одлука.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 4030/10**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/9**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И**
**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА,**
**ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува одржување на јавните зелени површини како и комуналната чистота на Општина Гази Баба, преку ангажирање на невработени лица кои се опфатени со оваа Програма.

Во Програмата ќе бидат опфатени целите, целните групи на кои се однесува самата програма, целното подрачје и локација, планот споредување и динамика на извршување на активностите, организационата структура, финасиски план, надзор и резултатите што се очекуваат од проектот.

Одржувањето на чистотата на јавните зелени површини и комуналната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба, е една од основните и приоритетни задачи во работењето на општината.

Преку оваа Програма која ќе трае во тек на 2013 година, се очекува да се постигне повисоко ниво на јавна чистота и заштита на животната средина на целото подрачје на Општина Гази Баба, а со ангажирање на ниско квалификувани и повозрасни лица и можноста за вработување а во насока на намалување на сиромаштијата.

## 1. Рамка на проектот

### 1.1. Основа

#### 1.1.1. Општ контекст

Програмата е дизајнирана како одговор на приоритетните потреби на општината за намалувања на социјалните и економските проблеми и тензии предизвикани пред се од светската економска криза. Програмата е фокусирана на креирање на можност за вработување на долгорочно евидентирани невработени лица, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица (над 55 години). Програмата е предвидена заради стекнување на одредена практични знаења и вештини со целна претпоставка за целосно вработување како и за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

#### 1.1.2. Вклучени организации

Носител на активностите на програмата ќе биде Општина Гази Баба, а нејзини партнери ќе бидат ЈКП "Гази Баба - 2007" кое е одговорно за руралниот дел на општината, и градските јавни претпријатија "Паркови и зеленило" и "Комунална хигиена" кои го третираат урбаниот дел на општината.

Овие три јавни претпријатија ќе учествуваат со логистичка подршка на сите активности

поврзани со оваа програма.

### 1.2.1. Анализа на проблемот

Имајќи ја во предвид невработеноста и статистичките параметри за најчесто споменуваните проблеми во одделението за комуникација со граѓаните на Општина Гази Баба.Оваа Програма ја гледаме како можност за нивно привремено ангажирање во извршување на јавните работи во општината.

Во Општина Гази Баба јавните зелени површини и другите јавни површини често се предмет на деструкција од страна на несовесното население, но и од недоволно развиена свест за јавна чистота кај населението, а од друга страна јавните претпријатија кои се задолжени за одржување на јавна чистота како и за одржување и обновување на зелените површини немаат доволно капацитет во човечки ресурси како и во опрема, механизација и алат навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите.Затоа се наметнува потреба за дополнително ангажирање на лица за одржување на комунална хигиена и јавните зелени површини.

### 1.2.2. Релевантни активности

Од изминатиот период би можеле да ги издвоиме проектите кои ги третираа тековните проблеми со невработеноста, ставајќи акцент на младото работноспособно население до 35 години, главно со високо и средно образование.Од успешното спроведување на тие проекти изградивме и човечки и технички капацитет во создавањето на претпоставки за поврзување на големата армија на невработени лица со постојната деловна заедница на Општина Гази Баба , а во функција на остварување на взаемните интереси на сите чинители во тој процес-централната власт, локалната самоуправа, деловната заедница и секако големиот број на невработени лица - создавање на одржлива локална економија со крајна цел на намалување на висока стапка на невработени лица во Општина Гази Баба.

Со оваа Програма ја прошируваме можноста за активирање на долгорочно невработените и социјално загрозени лица со понизок степен на образование и повозрасни лица.На овој начин даваме можности и на оваа најзагрозена категорија на долгорочно невработени и социјално загрозени лица со цел нивно реитегрирање на пазарот на работа сила.

Со ангажирање на 50 работника од евиденција на долгорочно невработени и социјално загрозени лица на Агенција за вработување и општинскиот центар за социјална работа, со средно и понизок степен на образование, во текот на цела 2013 година, ќе оствариме неколку цели:

- Прво, ќе обезбедиме можност за овие лица после подолг временски период да ги реинтегрираме на пазарот на работна сила;

- Второ, преку стекнување на соодветно работно искуство и работна етика во текот на работниот процес да си остварат можност за нивно евентуално долгорочно ангажирање;

- Трето, на овој начин ќе обезбедиме континуирано одржување на зелените површини и комуналнита чистота кои се се почесто предмет на деструктивно однесување на одредени несовесни жители; и

- Четврто, континуирано разубавување на јавните зелени површини и другите јавни површини, а пред се подигнување на свест на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето. Во таа смисла сметаме дека оваа Програма ќе понуди и финансиска и институционална одржливост на долгорочна основа.

## 2. Опис на Програмата

### 2.1. Цели на Програмата

#### 2.1.1. Општа цел

- Да се обезбеди времено решение за хронично невработени и социјално загрозени лица со цел намалување на социјалните тензии и раздвижување на пазарот на работна сила;
- Да се обезбедат со соодветно работно искуство долгорочно невработените и социјално загрозени лица со цел нивна реинтеграција на пазарот на работна сила;
- Континуирано одржување на јавнато зеленило кое се почесто е предмет на деструкција од страна на несовесното население; и
- Континуирано разубавување на зелените површини, одржување на комунална чистота и подигнување на свеста на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето.

#### 2.1.2 Цел на Програмата

Креирање на 50 работни места во текот на цела 2013 година.

### 2.2 Целна група

Долгорочно невработени лица од Општина Гази Баба евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

### 2.3 Активност

Главни активности:
- расчистување на јавното зеленило од цврст одпад;
- расчистување на училишните дворови и дворовите на градинките;
- континуирано косење на тревниците на јавното зеленило (паркови,блоковско зеленило,зеленило долж улиците);
- полевање на јавното зеленило;
- одржување на сообраќајните површини (тротоарите, велосипедски патеки);
- одржување на детските игралишта;
- одржување на плоштадите;
- уредување и чување на парковите; и
- ископување и чистење на каналите во општината.

### 2.4 План на спроведување

#### 2.4.1 Тековно одржување на археолошкото наоѓалиште Тумба Маџари

Археолошкото наоѓалиште ''Тумба Маџари'' од младото камено време (неолит) укажува на фактот дека на овие простори се живеело и творело од самиот почеток на човештвото.

Од наодите откриени во населбата се истакнуваат керамички модели на куќи оформени во вид на фигура на жена,кои во современото живеење на општината стануваат дел од идентитет и симболите на општината.

Поради непроценливото културно и историско богатство на овој локалитет потребно е негово тековно одржување. За таа цел ќе бидат ангажирани 2 работници.

#### 2.4.2 Одржување на јавна чистота и зелените површини на Општина Гази Баба

Бидејќи јавната чистота на територијата на општината континуирано се нарушува од страна на несовесното население, се укажува потреба и од континуирани активности за нејзино одржување.

За таа цел ќе бидат ангажирани 50 работници кои ќе бидат распоредени на целата тер-

иторија на општината.

### 2.4.3. Времетраење на Програмата

Оваа Програма ќе трае во текот на целата 2013 година.

**Алат и прибор**

Со оглед на тоа што Општината како и ЈКП "Гази Баба - 2007", како нејзин партнер веќе располагаат со определен вид на прибор, алат и машини и истите ќе бидат искористени за реализација на оваа Програма.

**Опрема за безбедност при работа**

Обезбедување и на оптимални и сигурни услови за работа со цел да се зачува животот и здравјето, како и работната способност на работниците, интегритетот и личната сигурност ќе бидат од примарно значење.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност со правилникот за безбедност при работа, со кој се уредуваат мерките за заштитата при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во областа за заштита при работа.

Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа, нормативот на неопходни лични безбедностни средства ќе се изврши при обука на работниците за користење на потребните алати и машини.

### 2.4.4. Финансиска конструкција за реализација на Програмата

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр.на единица | Сума по един. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| 1.Човечки ресурси | | | | |
| 1.1.Надоместоци(бруто износи,локални) | | | | |
| 1.1.2.Од програмата | 12 | 50 | 9000 | 5 400 000 |
| 1.3.Други(персонален данок) | 12 | 50 | 1000 | 600 000 |
| 1.4 ХТЗ Опрема | | 50 | 2000 | 100 000 |
| ВКУПНО | | | | 6 100 000 |

### 2.4.5. Надзор при реализирање на Програмата.

Надзорот при спроведување на оваа Програма ќе се врши од страна на овластениот комунален инспектор на Општина Гази Баба.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/11**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за урбано планирање ''Ф'', на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за урбано планирање ''Ф'', на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/10**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

**Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност**

# ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

**Декември, 2012г.**

1

Врз основа на член 22, став (1), член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 ), член 17 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011 и 53/2011), член 84 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.17/2011, 53/2011 и 144/2012), и Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04), член 151 став (2) од Деловодникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ „Ф“
## на Општина Гази Баба за 2013 година

## 1. ВОВЕД

**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ „Ф“ се состои од следните подпрограми:**

**I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II. Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно- оперативни трошоци)**

**III. Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно- оперативни трошоци)**

**IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**V. Ф.Д ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)**

**ВКУПНИ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ „Ф" ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ:**

**ПРИХОДИ:**

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **Вкупни приходи** | **147.050.000,00** | 100% |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | **117.250.000,00** | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 117.250.000,00 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 117.250.000,00 | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 117.250.000,00 | |
| **73** | | | | **Капитални приходи** | **16.000.000,00** | |
| | 733 | | | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 16.000.000,00 | |
| | | 7331 | | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно-изградени објекти | 16.000.000,00 | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно-изградени објекти | 16.000.000,00 | |
| **74** | | | | **Трансфери и донации** | **13.800.000,00** | |
| | 741 | | | Трансфери од други нивои на власта | 9.000.000,00 | |
| | | 7412 | | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 9.000.000,00 | |
| | | | 7412 11 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 9.000.000,00 | |
| | 744 | | | Други неданочни приходи | 1.300.000,00 | |
| | | 7441 | | Донации од приватни компании | 1.300.000,00 | |
| | | | 744111 | Тековни донации-претпријатија | 1.300.000,00 | |
| | 743 | | | Капитални донации | 3.500.000,00 | |
| | | 7432 | | Капитални донации | 3.500.000,00 | |
| | | | 743211 | Капитални донации | 3.500.000,00 | |

**Овие вкупни приходи се распределуваат во потпрограмите „Ф1. Ф2. Ф3. Ф.А и Ф.Д."**

# I. Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

## ВОВЕД

Тековно- оперативните трошоци за урбанистичко планирање, се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува Годишна програма за изработка на детални урбанистички планови, урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место, локални урбанистички плански документации, проекти за инфраструктура.

Со оваа подпрограма се уредува:

1.Извори на финансирање,
2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање,
3.Динамика на извршување на подпрограмата,
4.Преодни и завршни одредби.

**1.Извори на финансирање:**

Подпрограмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

**ПРИХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **18.000.000** | |
| 71 | Даночни приходи | | | | | 2.000.000 | |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | | | | 2.000.000 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | | 2.000.000 | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште(дел) | | 2.000.000 | |
| 73 | Капитални приходи | | | | | 16.000.000 | |
| | 733 | Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања | | | | 16.000.000 | |
| | | 7331 | Приходи на ЕЛС остварени преку отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | | | 16.000.000 | |
| | | | 733144 | Надоместок за утврдување на легален статус на бесправно- изградени објекти | | 16.000.000 | |

**2.Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање**

Расходите за реализација, според намената и по поедини видови елементи на Општината се:

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | **18.000.000** | **100%** |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | 18.000.000 | |
| | 425 | Договорни услуги | | | | 14.500.000 | |
| | | 4256 | Услуги за животна средина и планирање | | | 14.500.000 | |
| | | | **425640** | **Изработка на урбанистички планови** | | **14.500.000** | |
| | | | | **Изработка на урбанистички планови по редовна постапка** | | 10.500.000 | |
| | | | | 1 | **ССИ 07**-УЗ Железара и парк шума Гази Баба | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2 | **ССИ 08**- УЗ Автокоманда- комплекс факултети и УЗ Автокоманда- студентски центар Стив Наумов | | |
| | | | | 3 | **ССИ 09**- УЗ Автокоманда | | |
| | | | | 4 | **С 17**- индустриски комплекс Железара | | |
| | | | | 5 | **С 18** –индустриски комплекс Железара-зеленило | | |
| | | | | 6 | **С 19**- УЗ Маџари 2 локалитет Камник, УЗ Крсте Мисирков | | |
| | | | | 7 | **С 20** - гробишта Камник | | |
| | | | | 8 | **С 21** – УЗ Крсте Мисирков | | |
| | | | | 9 | **С 22**- УЗ Крсте Мисирков, МЗ Јане Сандански | | |
| | | | | 10 | **С 23**- УЗ Маџари 2, УЗ Маџари | | |
| | | | | 11 | **С 26**- Сервисна зона со терминали северно од бул. Александар Македонски | | |
| | | | | 12 | **СИ 01**- ИИЗ средношколски центар | | |
| | | | | 13 | **СИ 02**- УЗ Триангла | | |
| | | | | 14 | **СИ 03**- Источна индустриска зона | | |
| | | | | 15 | **СИ 04**- Источна индустриска зона | | |
| | | | | 16 | **СИ 05**- Источна индустриска зона | | |
| | | | | 17 | **СИ 06**- УЗ Маџари, УЗ Хиподром | | |
| | | | | 18 | **СИ 07**- УЗ Маџари | | |
| | | | | 19 | **СИ 08**- Источна индустриска зона и ИИЗ-локалитет Вардариште | | |
| | | | | 20 | **СИ 09**- Источна индустриска зона и ИИЗ-локалитет Вардариште | | |
| | | | | 21 | **СИ 11**- Источна индустриска зона – пречистителна станица | | |
| | | | | 22 | СИ 12- Источна индустриска зона – пречистителна станица | | |
| | | | | 23 | **ЦС 09**- Скопски саем, Источна индустриска зона, дел УЗ Керамидница | | |
| | | | | 24 | **ЦС 10**- УЗ Керамидница | | |
| | | | | 25 | **ЦС 11**- дел од УЗ Керамидница, ИИЗ | | |
| | | | | 26 | **ЦС 12**- УЗ Керамидница | | |
| | | | | | **Урбанистички планови вон населено место на територијата на Општина Гази Баба** | | |
| | | | | 27 | Спортско рекреативен центар- Гази Баба (езера Смилковци) | | |
| | | | | 28 | Дел од с. Трубарево-лоалитет Ергела | | |
| | | | | 29 | С. Трубарево | | |
| | | | | 30 | С. Гоце Делчев | | |
| | | | | 31 | С.Јурумлери | | |
| | | | | 32 | Колонија Идризово | | |
| | | | | 33 | С. Идризово | | |
| | | | | 34 | С.Singелиќ | | |
| | | | | 35 | С. Стајковци | | |
| | | | | 36 | С.Инџиково | | |
| | | | | 37 | С. Булачани | | |
| | | | | 38 | С. Црешево и с. Виниче | | |
| | | | | 39 | С. Страчинци | | |
| | | | | 40 | С. Смилковци | | |
| | | | | 41 | С. Брњарци | | |
| | | | | 42 | С. Раштак | | |
| | | | | **Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови (по скратена постапка) на Општина Гази Баба** | | | |
| | | | | 43 | СИ 10- СРЦ Хиподром УМ 9 | | |
| | | | | 44 | Заобиколница од Клучка Хиподром до клучка Сингелиќ | | |
| | | | | **Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови (по скратена постапка) на РМ** | | | |

5

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Трошоци за спроведување постапка по извештаи за стратешка оцена на влијанието на животната средина за урбанистичките планови | | |
| | | | | Трошоци за изготвување и изменување на планови по иницијатива на граѓани и правни лица | | |
| | | | | Трошоци за изработка на локална урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба | | |
| | | | | Трошоци за изработка на архитектонско-урбанистички проекти | | |
| | | | | Трошоци за изработка на проекти за инфраструктура | | |
| | | | | Трошоци за изработка на ревизија на планови и АУП и проекти за инфраструктура | | |
| | | | | Трошоци за изработка на основни проекти за градби од високоградба за потребите на Општина Гази Баба | | |
| | | | | Трошоци за изработка на ревизија на основни проекти за градби од високоградба за потребите на Општина Гази Баба | | |
| | | | | Ажурирање на геодетски подлоги за планови и геодетски услуги | 4.000.000 | |
| | | **4259** | | **Други договорни услуги** | **3.500.000** | |
| | | | 4259 20 | Услуги за копирање, печатење и огласување во дневен печат | 1.300.000 | |
| | | | 4259 30 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истражување) конзерваторски основи и сл. | 200.000 | |
| | | | 4529 40 | Рушење на објекти заради реализација на урбанистички планови | 1.500.000 | |
| | | | 4259 90 | Други договорни услуги | 500.000 | |

**3.Динамика на извршување на подпрограмата**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од прилиот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година.

**4.Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Гази Баба, преку Секторот за урбанизам и градежно земјиште и Секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај.

## II. Ф.2 ПОД–ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( тековно оперативни трошоци )

## III. Ф.3 ПОД–ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно оперативни трошоци), И ПОДПРОГРАМАТА Ф.3 ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ, СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА:

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 и Ф.3**

**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **2.000.000** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 71 | Даночни приходи | | | | 2.000.000 | |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | | | 2.000.000 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 2.000.000 | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште(дел) | 2.000.000 | |

**ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОДПРОГРАМАТА Ф.2 и Ф.3**
**Р А С Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структур в % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | **2.000.000** | |
| 42 | Стоки и услуги | | | | | 2.000.000 | |
| | 425 | Договорни услуги | | | | 500.000 | |
| | | 4259 | Други договорни услуги | | | 500.000 | |
| | | | 425990 | Други договорни услуги | | 500.000 | |
| | 426 | Други тековни расходи | | | | 1.500.000 | |
| | | 4269 | Други оперативни расходи | | | 1.500.000 | |
| | | | 4269 90 | Други оперативни расходи | | 1.500.000 | |

## IV. Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ( Капитални трошоци )

Со оваа подпрограма се уредува:

**1.Просторот на уредување,**
**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште,**
**3.Обем и степен на опремување на градежното земјиште,**
**4.Финансирање на подпрограмата**
**5.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште,**
**6.Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и негова распределба,**
**7.Начин на распределба на средствата за изградба на инфраструктурата,**
**8.Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,**
**9.Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште,**
**10.Динамика за извршување на потпрограмата;**

**<u>1.ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ</u>**
Како простор, кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изграденото и неизграденото градежно земјиште на подрачјето на Општина Гази Баба.

**<u>2.ОБЕМ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ</u>**
Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно- правните односи,
- расчистување на градежната парцела (селидба, уривање и транспорт).

**<u>3.ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ</u>**
Наменската употреба на уреденото градежно земјиште во урбаниот дел, како и во населените места и вон населените места на подрачјето на Општина Гази Баба, соодвествува со класите

7

на намени утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10; 64/11; 98/11; 169/11 и 45/12) и важечките Урбанистички планови и урбанистичко планска документација.
Градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, (Сл. весник на РМ бр. 93/11; 65/12; 75/12 и 98/12), според деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за село, урбанистичките планови вон населено место и локалните урбанистички плански документации.
И тоа:
а) објекти за заедничка комунална потрошувачка:

- изградба на јавен пат и други површини согласно урбанистичките планови,
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа,
- изградба на јавно осветлување,
- изградба на јавно зеленило,
- изградба на пречистителна станица за отпадни води,

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:

- изградба на секундарна водоводна мрежа,
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа,
- изградба на нисконапонска електрична мрежа,
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта,
- изградба на гасоводна мрежа до и со последната шахта,
- изградба на ТТ-мрежи;

Целосното опремување на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни претпоставки, технички услови и материјални средства.

## 4.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Оваа подпрограма се финансира од Буџетот на Општина Гази Баба.

## 5.ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 5.1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А.

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Извори на финансирање | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | | | | **124.650.000,00** | |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | **113.250.000,00** | |
| | **717** | **Даноци на специфични услуги** | | | **113.250.000,00** | |
| | | **7171** | **Комунални даноци** | | **113.250.000,00** | |
| | | | 7171 37 | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 113.250.000,00 | |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | **11.400.000,00** | |
| | **741** | **Трансфери од други нивоа на власта** | | | 9.000.000,00 | |
| | | **7412** | Капитални трансфери од други нивоа на власта | | 9.000.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 7412 11 | Капитални трансфери од други нивоа на власта | 9.000.000,00 | |
| | 743 | **Капитални донации** | | | 2.400.000,00 | |
| | | 7432 | Капитални донации | | 2.400.000,00 | |
| | | | 7432 11 | Капитални донации | 2.400.000,00 | |

## 5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Од дел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **48** | | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **124.650.000,00** | |
| | **481** | | | | **градежни објекти** | **0,00** | |
| | | **4812** | | | | **0,00** | |
| | | | **4812 10** | | **Подготовка на објекти за деловни објекти** | **0,00** | 1 |
| | **482** | | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **121.650.000,00** | |
| | | **4821** | | | **Улици и патишта** | **59.700.000,00** | |
| | | | **4821 10** | | **Изработка на проекти** | **3.150.000,00** | |
| | | | | | **Учество на Општина Гази Баба = 40 %** | | |
| | | | | | Тех. Проект за автобуска постојка на ул.16 Македонска Бригада( проширување кај Автомакедонија)-Автокоманда | 50.000,00 | |
| | | | | | Тех. Проект за патна и комунална инфраструктура за нас.Хиподром 2 | 800.000,00 | |
| | | | | | Тех. Проект за улица Јужноморавски Бригади Втора Фаза до градски гробишта Камник ( со паркинг) | 200.000,00 | |
| | | | | | **Учество на Општина Гази Баба=100%** | | |
| | | | | | Тех. Проект за улица Перо Наков новопроектирана од Макошпед до препумпна станица(до Вардар) | 400.000,00 | |
| | | | | | Тех. Проект за главна улица во Инџиково од ул.Финска до Инџиковски Канал | 450.000,00 | |
| | | | | | Тех. Проект за улица Антон Велков во Стајковци | 350.000,00 | |
| | | | | | Тех. Проект за улици во руралните населени места кон земјоделските | 600.000,00 | |

9

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | површини | | |
| | | | | | Сообраќајни проекти за уредување на режимот на сообраќај на сообраќајници и крстосници | 300.000,00 | |
| | | | 4821 20 | | **Изградба на улици и патишта** | **18.400.000,00** | |
| | | | | | **Учество на Општина Гази Баба =40%** | | |
| | | | | | Изградба на паркинг и улица помеѓу ул Сречко Пужалка и М.А. Ченто, кај културниот дом во н.Ченто | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на новопроектирана улица во Керамидница | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на паркинг и пристапна улица во н.Железара позади новите згради на ул. Коце Металец | 1.400.000,00 | |
| | | | | | Тротоар по ул 16 Македонска Бригада од бул. Александар Македонски до н.Керамидница | 200.000,00 | |
| | | | | | Изградба делници од тротоари по Р-103 во делот на населените места Јурумлери Колонија и Идризово | 700.000,00 | |
| | | | | | **Учество на Општина Гази Баба=100%** | | |
| | | | | | Тампонирање улици низ населените места во Општина Гази Баба, со дробен матријал или струган асфалт. | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на паркинзи кај амбуланта во Автокоманда | 1.800.000,00 | |
| | | | | | Изградба -трасирање и тампонирање на улици во новата населба Хиподром-2 | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на делници од тротоари по улиците Сречко Пужалка,Палмиро Тољати , Товарник и Жеглање | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на улица помеѓу амбуланта и пошта во Ченто | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на тротоар по улица Модест Мусоргски пред градинка во Триангла | 500.000,00 | |
| | | | | | Изградба на паркинг во Триангла | 1.000.000,00 | |

10

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Асфалтирање улици во н.Камник | 1.500.000,00 | |
| | | | | | Изградба на тротоар по улица Жан Жорес од ул. Б.Стефковски до ул. О.Попјорданов( од една страна) | 800.000,00 | |
| | | | | | Изградба на тротоар по улица Сава Михајлов (позади зградите) | 500.000,00 | |
| | | | | | Изградба на улици во руралните населени места кон обработливите површини | 500.000,00 | |
| | | | | | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) | 500.000,00 | |
| | | | 4821 30 | | **Реконструкција на улици и патишта** | **38.150.000,00** | |
| | | | | | Надградба на делови и асфалтирање на краци од ул.Гемиџиска во населба Железара | 1.500.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на скали кои ги поврзуваат ул. Коце Металец и здраствен дом Железара(покрај новите згради ) | 300.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција тротоари во н.Железара | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на атмосферска канализација и асфалтирање на на улица 515 пристап кон Те-то,Комуна и Фас во Керамидница | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на деленици од улици во Стајковци по изведба на фекална канализација | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Надградба на делови од ул.Фуштанска и Ј.М.Бригади во населба Ченто | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на улица Фрушкогорска и Христофер Жефаровиќ,Спиро Црне и Трајко Китанчев во н. Јане Сандански | 3.500.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на улица Ордан Попјорданов заедно со атмосферска канализација и еден тротоар | 1.500.000,00 | |
| | | | | | Проширување на улица кон Виниче | 1.000.000,00 | |

11

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Санација на прекопи од фекална канализација во Инџиково | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција - проширување на пропуст преку канал во Трубарево (кај Мега) | 500.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на улици во Булачани | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на улица во Страчинци (изведба на улица преку канал ) | 500.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на улица Црешево -Стајковци-Сингелиќ | 9.000.000,00 | |
| | | | | | реконструкција на улица во Инџиково од Финска до црква на средсело( со изградба на еден тротоар) | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на пешачките приоди во Основните училишта; Дане Крапчев,Крсте Мисирков, Кирил и Методиј и Наум Охридски | 5.350.000,00 | |
| | | | | | Санација на оштетени улици-Крпење на ударни дупки | 5.000.000,00 | |
| | | **4823** | | | **Пречистителни станици и колектори** | **14.700.000,00** | |
| | | | 4823 10 | | Проекти за пречистителни станици на фекалните канализации | 300.000,00 | |
| | | | | | Изработка на тех. Проекти за препумпни станицина на канализациони мрежи | 500.000,00 | |
| | | | 4823 20 | | Проект за канализација за населените места од Ергеле до Дрма | 500.000,00 | |
| | | | | | Проекти за независни канализации со пречистителни станици за н.м. Црешево,Булачани, Раштак,Смилковци Виниче и Страчинци | 1.500.000,00 | |
| | | | | | Гл. Проект за фекална кан. низ населба Камник | 300.000,00 | |
| | | | | | Изградба на секундарна фекална канализација во н.м. Стајковци | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на фекална канализација во н.м.Трубарево - Идризово | 0,00 | град Скопје |
| | | | | | Изградба на делница од фекален колектор Ф - 800мм од Инџиково кон препумпна станица во Ченто | 5.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на секундарна фекална канализација во н.м. Економија | 1.000.000,00 | |

12

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Изградба на секундарна атмосферска канализација во н Триангла | 3.000.000,00 | |
| | | | | Изградба на фекална канализација по ул. 5 во н. Камник | 600.000,00 | |
| | | | | Изградба на други канализациони мрежи | 1.000.000,00 | |
| | **4824** | | | **Изградба на депонии за отпад** | **0,00** | |
| | | 4824 20 | | **Изградба на депонии за отпад** | 0.00 | |
| | **4827** | | | **Капацитети за водоснабдување** | **7.800.000,00** | |
| | | 4827 10 | | Проекти за секундарни водоводни мрежи во н.м. Раштак и Булачани и Страчинци | 800.000,00 | |
| | | 4827 20 | | Довршување на водовод и фек.кан во населба Камник (спој со ул. Товарник-1) | 2.000.000,00 | |
| | | | | Изградба на водоводни линии во населените места Трубарево,Скопско Поле,Јурумлери и Идризово | 1.000.000,00 | |
| | | | | Изградба на други водоводни мрежи | 1.000.000,00 | |
| | | 4827 30 | | Реконстркција на водоводни мрежи во н.м. Раштак и Булачани | 3.000.000,00 | |
| | **4829** | | | **Изградба на други објекти** | **39.450.000,00** | |
| | | **4829 10** | | **Проекти** | **3.250.000,00** | |
| | | | | Изработка на тех. Проект за уредување на центарот на н Хиподром | 150.000,00 | |
| | | | | Изработка на тех. Проекти за други објекти | 1.000.000,00 | |
| | | | | Проект за локален пат Стајковци- Сингелиќ-Камник- Бензиска Лукоил | 300.000,00 | |
| | | | | Ревизија на проекти | 800.000,00 | |
| | | | | Изработка на тех. Проекти за други објекти | 1.000.000,00 | |
| | | **4829 20** | | **Изградба на други објекти** | **26.200.000,00** | |
| | | | | | | |
| | | | | Изградба на делници од по еден тротоар на улиците Лазар ПопТрајков,Ташко Караџа и Багчор во нас. Автокоманда | 2.000.000,00 | |
| | | | | Изградба на делници од пешачки патеки меѓу зградите во населба Хиподром | 500.000,00 | |

13

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Изградба на спортски терени | 7.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема | 4.000.000,00 | |
| | | | | | Чистење и одржување на одводни канали | 3.700.000,00 | |
| | | | | | Изградба на училишта градинки и други воспитно образовни објекти | 5.000.000,00 | |
| | | | | | Изградба на други објекти | 3.000.000,00 | |
| | | | | | Вршење на стручен надзор над изградба | 1.000.000,00 | |
| | | | **4829 30** | | **Реконструкција** | **10.000.000,00** | |
| | | | | | Реконструкција на детски забавни паркиња | 2.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на фасадата на Кино Маџари | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на спортски терени | 2.000.000,00 | |
| | | | | | реконструкција на пропусти на Инџиковски Канал | 1.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на објектите на месните заедници, културните домови и општината | 3.000.000,00 | |
| | | | | | Реконструкција на други објекти | 1.000.000,00 | |
| | | | | | | | |
| | **48 5** | | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | 3.000.000,00 | |
| | | **4854** | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | 3.000.000,00 | |
| | | | 4854 10 | | Откуп на земјиште | 2.000.000,00 | |
| | | | 4854 20 | | Надомест за одземен имот | 1.000.000,00 | |

**5.3 Трошоците за уредување на градежно земјиште опфаќаат:** трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидулана комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.

а.) Трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежно земјиште, проектирање и изградба на инфраструктурни објекти од секундарната комунална инфраструктура (основни комуналии и пречистителна станица) и подобност – бонитет на локалитетот (комплексот) каде се гради или е изграден станбено-деловниот или друг објект за кого се плаќа надоместок за уредување;

б.) Трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидулана комунална потрошувачка опфаќаат трошоци за расчистување на градежно земјиште, проектирање и

в) Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на Општина Гази Баба ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12 и 131/12) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11 и 164/12).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од основната комуналната инфраструктура кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од администрацијата на Општина Гази Баба за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

г). Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови и топификациона согласност за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација" – Скопје, согласно член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 18/11 и 54/11).

Ј.П. „Водовод и канализација" - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на приклучоците согласно законската регулатива.

За топлификационата мрежа може да се склучи посебен анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на истиот.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Гази Баба.

**5.4 Корисникот односно сопственикот** на градежната парцела е должен да обезбеди Хидротехнички услови од ЈП Водовод и Енергетска согласност од АД Топлификација, за приклучување на објектот на соодветната мрежа од индивидуална потрошувачка, пред склучување на Договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежите од индивидуална потрошувачка, надоместокот ќе се регулира со склучување на Анекс–договор, а пресметувањето ќе се врши по цени кои се важечки во моментот на склучување на Анекс–договорот

## 6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

### 6.1 Надоместок

За уредување на градежно земјиште, корисникот односно сопственикот на градежната парцела, плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште утврден согласно Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл. весник на РМ бр. 93/11; 65/12; 75/12 и 98/12), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. весник на РМ 142/10; 64/11;98/11,169/11 и 45/12) и Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/2010, 18/2011 и 53/2011).

За секој вид на простор што не е опфатен со Правилниците и претходната алинеја, надоместокот се пресметува по аналогија како за простор опфатен со Правилниците.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за Општина Гази Баба, се регулира со Договор за уредување на градежно земјиште склучен во писмена форма меѓу Општина Гази Баба и корисникот односно сопственикот на градежната парцела.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се определува според основицата утврдена на ден 01.01.2013 година, изразена во денари/м2 за нето изградена површина, истата изнесува 25.469,оо денари/м$^2$ и истата месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало објавен во Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, преставува збир на трошоци за заедничка комунална потрошувачка и индивидуална потрошувачка.

(1) Во услови кога не се реализирани објектите на комунална инфраструктура, согласно степенот на планирана уреденост, а врз основа на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (Сл. весник на РМ бр. 93/11; 65/12; 75/12 и 98/12), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините по метар квадратен на подовите во сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и дополнување на основниот проект, помножени со прикажаните коефициенти и цени.

Доколку дојде до изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти од комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост, надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се пресметува согласно важечкиот Правилник.

### 6.2 Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во урбаниот дел на Општина Гази Баба

#### 6.2.1.Трошоци за заедничка комунална потрошувачка

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, се утврдуваат како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед.

| КОМПЛЕКСИ И ЗОНИ | | Основни комуналии + пречистителна станица | Погодност- бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Станбен простор | Деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1 | Дел 1, | 21%+1%=22% | 4,0% | 10,0% |
| 2 | Дел 2, | 19%+1%=20% | 2,0% | 8,0% |
| 3 | Дел 3 | 17%+1%=18% | 1,5% | 4,0% |
| 4 | Дел 4 | 15%+1%=16% | 1,0% | 2,0% |

За финансирање на расчистување и проектирање на пречистителна станица на ниво на град, Градот и сите Општини во градот, наплатуваат процентуален дел од основицата во висина од 1%.

**6.2.2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка**

Трошоците на изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка, се утврдуваат како процентуален дел од основицата и тоа:

а. Водоводна мрежа--------------------------------------------------1,5%

б. Фекална канализациона мрежа----------------------------1,5%

в. Топлификациона мрежа-----------------------------------------3,2%

При склучување на Анекс-договори за разлика во површина, доколку во Основниот договор е пресметан надоместокот за ниско-напонска електрична мрежа, истиот ќе се пресмета и во Анекс-договорот во висина од --------2,3% од утврдената основица на денот на склучување на Анекс-договорот. Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ТТ- мрежа, при склучување на анекс- договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 1% од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**6.2.3.Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што корисникот е должен да им ги надомести на Градот и Општина Гази Баба за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од градот и Општина Гази Баба опфаќаат:

- Надомест за одземено земјиште и за експроприрана или национализирана недвижност, што е исплатен;
- Трошоци за селидба, уривање на експроприраните и национализираните објекти, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретна градежна парцела;
- Дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретната градежна парцела, кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс- договор.

Во трошоците за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековно одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**6.2.4.Распределба и начин на плаќање**

Надоместокот се распределува во следниот сооднос:

-60% за Град Скопје за изградба на инфраструктура од значење за Град Скопје утврдена со ГУП и

-40% за Општина Гази Баба за изградба на секундарна инфраструктура утврдена со ДУП.

**6.3 Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места и вон населените места на Општина Гази Баба**

Инвеститорите на станбени, јавни, деловни, стопански, производни и други објекти во атарите на населените места на територијата на Општина Гази Баба ќе плаќаат надоместок за подготвителни работи во уредувањето на градежното земјиште во износ **од износот на надоместокот за комунално уредување за дел 4 зона на градот**.

| Вид на објект | Прва зона | Втора зона | Трета зона |
|---|---|---|---|
| Станбени објекти | 8% | 6% | 4% |
| Деловни, јавни и производни објекти | 10% | 8% | 6% |

Средствата ќе се користат за изработка на урбанистички планови, изработка на техничка документација за градба на инфраструктура,водење на постапки за обезбедување на средства за градба на инфраструктура итн.

Надоместокот од населените места се 100% за Општина Гази Баба за изградба на инфраструктура согласно урбанистичка документација.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за делот од Општина Гази Баба, може да се плаќа на рати, со согласност од Општината за што сопственикот на градежната парцела е должен да достави банкарска гаранција или залог (хипотека) на недвижен имот.

## 6.4 ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12 и 98/12), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање ("Службен весник на РМ" бр. 60/12), и Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12);

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот), и не се враќа за пренамена од деловен во станбен простор.

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

За објекти за кои до 01.01.1997 год. (ден на примената на првиот Закон за Градот Скопје од 1996 год.) се склучени договори за надоместок, врз основа на услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс-договор кон основниот договор помеѓу Општина Гази Баба и инвеститорот. Инвеститорот е должен да достави документ, дека во предходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градење.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е измината важноста, површината не се признава.

Доколку земјиштето не е изложено, поточно инвеститорот има поседовен лист за изграден објект за признавање на постојна површина потребно е да достави договор за платен надоместок, проект со урбанистичка согласност и одобрение за градење.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За површината на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се урваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Трошоците за уредување на градежно земјиште, ги плаќа 100% Градот Скопје за изградба на основните инфраструктурни објекти (за собирни, магистрални улици и други примарни инфраструктурни објекти) и 100% Општината за секундарни инфраструктурни објекти (станбени, сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти) со едно приклучно место од инфраструктурните мрежи до една градежна парцела односно објект.

За објекти за кои договорите за надоместок за уредување на градежно земјиште се склучени до 31.12.2006 година, изведбата на инфраструктурните објекти ќе се финансира 60% Градот и 40% Општината, независно дали се изведуваат примарни или секундарни инфраструктурни објекти.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку корисникот инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општината да им ги надомести порано направените

трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во точка **6.2.1. и 6.2.2**, да овозможи приклучување на идните корисници на земјиштето на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветно комунално претпријатие или областени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје и Општината без надомест.

• Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што корисникот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и Општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.

• За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластени субјекти. Притоа се признаваат само трошоците – делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

• Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината, со што се овозможува приклучување на нови корисници кои надоместокот го плаќаат на Градот и Општината.

• Во изградбата на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и Општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската конструкција за пуштање на објектите во употреба.

• Градот и Општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги одржуваат.

• При регулирање на надоместокот корисникот е должен во целост да го измири надоместокот за индивидуална потрошувачка, за приклучување на изградената инфраструктура после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (доколку се докаже со документација дека истиот го регулирал).

• Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа, да се регулираат договорно помеѓу Ј.П. "Водовод и канализација" и корисникот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела од корисникот – до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежи наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П. "Водовод и канализација". Корисникот може да избере изведувач на работите со задолжителен надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П. "Водовод и канализација".

• Приклучувањето на уличната мрежа, испораката на вода, електрична енергија и топловодно греење, се врши со исполнување на договорните обврски од страна на корисникот и Градот Скопје и Општината.

• Ако корисникот се приклучи на изградена комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, без согласност на Градот Скопје и Општината, Градот и Општината нема да дадат налог за испораките наведени во претходниот став, до договорното регулирање на обврските помеѓу Градот и Општината и корисникот.

• Корисникот е должен пред барањето за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и Општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина, правата и обврските се уредуваат со Анекс-договор.

## 8. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општина Гази Баба ја финансира изработката на урбанистичките планови и задачите планирани согласно Програмата Ф.

## 9. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### 9.1 Граници на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште во урбаниот дел на Општина Гази Баба

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

**Комплексите се утврдени со следните граници:**

**КОМПЛЕКС-1**

ДЕЛ-1 (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: ССИ 08, ССИ 09, ЦС 09, ЦС 10, ЦС 11 и ЦС 12, каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Гази Баба.

**КОМПЛЕКС-2**

ДЕЛ-2- (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: ССИ 07, С 17, С 18 и С 26, каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Гази Баба.

**КОМПЛЕКС-3**

ДЕЛ-3- (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: С 19, С 20, С 23, СИ 01, СИ 02, СИ 03, СИ 04, СИ 05, СИ 06, СИ 07 и СИ 10, каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Гази Баба.

**КОМПЛЕКС-4**

ДЕЛ-4 - (Општина Гази Баба)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: С 21 и С22 – нас. Чento, како и СИ 08, СИ 09, СИ 11 и СИ 12 – с. Маџари, каде завршува описот на комплекс-4- за Општина Гази Баба.

**Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.**

**9.2. Границите на зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјите во населените и вон населените места на Општина Гази Баба** се одредени со следните опфати:

**Зоните се утврдени со следните опфати:**

**I Зона** ги опфаќа:
-планските опфати дефинирани со урбанистички планови вон населено место покрај Заобиколницата, планските опфати дефинирани со урбанистичките планови за населените места Инџиково, Стајковци и Синѓелиќ.

**II Зона** ги опфаќа:
-планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населено место во Општина Гази Баба, за населените места: Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Идризово, Колонија-Идризово.

**III Зона** ги опфаќа:
-планските опфати дефинирани со Урбанистички планови за село, Урбанистички планови вон населено место и Одлуки за начинот на градење во населени места во Општина Гази Баба, кои немаат урбанистичка документација, за населените места: Брњарци, Црешево, Смилковци, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци.

**10.ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од други средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Подпрограма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште, како и обврските од склучениот Договор за вршење стручни и административни работи во уредувањето на градежното земјиште, склучен помеѓу Општина Гази Баба и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ.

## V. Ф.Д. ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (капитални трошоци)

**ВОВЕД**

Со оваа Подпрограма се уредуваат капиталните расходи за уредување на просторот во руралните подрачја.
Финансирањето на оваа Подпрограма е од неданочни приходи, односно од донации од физички лица и донации од претпријатија.

**П Р И Х О Д И**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни приходи** | | | | | **2.400.000** | |
| **74** | **Трансфери и донации** | | | | | **2.400.000** | |
| | 744 | Тековни донации | | | | 1.300.000 | |
| | | 7441 | Донации од приватни компании | | | 1.300.000 | |
| | | | 744111 | Тековни донации од претпријатија | | 1.300.000 | |
| | 743 | Капитални донации | | | | 1.100.000 | |
| | | 7432 | Капитални донации | | | 1.100.000 | |
| | | | 743211 | Капитални донации | | 1.100.000 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

| Кат. | Став-ка | Осн. ставка | Подс-тавка | Одде л | Видови на расходи | Износ во денари | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **Вкупни расходи** | | | | | **2.400.000** | |
| **48** | **Други градежни објекти** | | | | | **2.400.000** | |
| | 482 | Други градежни објекти | | | | 2.400.000 | |
| | | 4821 | | | | 2.400.000 | |
| | | | 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | | 1.000.000 | |
| | | | 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | | 1.400.000 | |

# III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предлог - Програмата за урбано планирање "Ф" за Општина Гази Баба за 2013 година се состои од 5 потпрограми и тоа:

I. Подпрограма за урбано планирање "Ф .1"

II. Подпрограма за уредување на градежно земјиште "Ф.2" ( тековно оперативни трошоци )

III. Подпрограма за уредување на градежно земјиште за рурални подрачја ( тековно оперативни трошоци) "Ф.3"

IV. Подпрограма за уредување на градежно земјиште "Ф.А" (капитални трошоци )

V. Подпрограма за уредување на простор во рурални подрачја "Ф.Д" (капитални трошоци)

Заедничко за сите подпрограми е тоа што главен извор на финансирање, е надоместокот за уредување на градежно земјиште кој изнесува 98.200.000,00 денари.

Овој износ произлегува од очекуваниот надомест за уредување на градежно земјиште за делот од 40% за Општината и тоа: за вкупна површина од 48.000м2 од кои 5.000м2 деловна површина и 43.000м2 станбена површина.

Други помали приходи кои влегуваат во вкупно планираниот приход за 2013 година се трансфери од други нивоа на власта, кои Општината ги добива од соодветните ресорни министерства.

**Со Подпрограма за урбано планирање "Ф .1"** се регулираат приходите и расходите за изготвување и донесување на Урбанистички планови, како и други договорни услуги, каде најповеќе средства се предвидени за рушење на објекти без Одобрение за градба, повеќе изградени делови од објекти, без соодветно одобрение и сл.

**Подпрограмите Ф.2 и Ф.3 се финансираат** од дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, а средствата се трошат делумно за одржување на улици и патишта.

**Со Подпрограмата Ф.А** за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), се врши уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Гази Баба, согласно важечките детални урбанистички планови. Главен извор на финансирање на ова Подпрограма е надоместокот за уредување на градежно земјиште, заради што и најголемиот дел од тие средства се трошат токму во уредувањето и опремувањето на градежното земјиште до границите на градежните парцели, за кои корисниците односно сопственицоте на градежното земјиште платиле надоместок за уредување на градежно земјиште.

Најголем дел од средствата по ова Подпрограма, се предвидени да се трошат за изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти по сервисни и станбени улици, како 100% обврска на Општината.

— Ова е причина што Градот не учествува во изградба на инфраструктурни објекти и улици кои имаат третман на станбени и сревисни улици, иако го прибира надоместокот од 60% од сопствениците на градежното земјиште чии парцели се наоѓаат на горе споменатите улици.

— Од делот од 60% од надоместокот што го прибира Градот согласно Предлог-Програмата на Град Скопје за 2013 година, Градот ќе ја финансира 100%

— За оберски кои се створени до 31.12.2006 година, уредувањето на градежното земјиште ќе се финансира-----60% Град и -------40% Општина Гази Баба, независно на рангот на улицата, односно инфраструктурните објекти.


**II ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СЕКТОР ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2013 ГОД.**
**Одделение за образование, култура и спорт**

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ГРАД СКОПЈЕ | ДОНАТОРИ | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| 1 | Сретства за тековни активности на спортските друштва: | преку цела година | 910.000,00 | | | | | | | 910.000,00 |
| 2 | Спортски турнири и манифестации | преку цела година | 270.000,00 | | | | | | | 270.000,00 |
| 3 | Средства за поддршка на талентирани спортисти во индивидуални спортови: | преку цела година | 100.000,00 | | | | | | | 100.000,00 |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | 0,00 |
| | | | | | | | | | | 0,00 |
| | | | | | | | | | | 0,00 |
| | | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО | | 1.280.000,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.280.000,00 |
| | | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | 100,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |

Врз основа на член 22 став (1) точка 6, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА СПОРТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

I. Средства за тековни активности на спортските друштва:

| СПОРТСКО ДРУШТВО | ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА |
|---|---|
| - Општински Фудбалски Сојуз | 240.000,00 |
| - Фудбалски клуб Скопје | 150.000,00 |
| - Фудбалски клуб Маџари Солидарност - 92 | 80.000,00 |
| - Фудбалски клуб Раштак | 50.000,00 |
| - Фудбалски клуб Трубарево | 50.000,00 |
| - Фудбалски клуб Фортуна | 30.000,00 |
| - Фудбалски клуб Младост Ергеле | 15.000,00 |
| - Фудбалски клуб Гоце Делчев | 15.000,00 |
| - Фудбалски клуб Инџиково | 15.000,00 |
| - Фудбалски клуб Страчинци | 15.000,00 |
| - Фудбалски клуб Смиљковци2011 | 15.000,00 |
| - Фудбалски клуб Железарец Футсал лига | 50.000,00 |
| - Боксерски клуб Скопје | 50.000,00 |
| - Карате клуб Олимпик | 15.000,00 |
| - Карате клуб Тигар | 15 000,00 |
| - Карате клуб Солидарност | 15.000,00 |
| - Карате клуб Металург | 15.000,00 |
| - Кошаркарски клуб Киндер Баскет | 15.000,00 |
| - Кошаркарски клуб Јуниор | 15.000,00 |
| - Одбојкарски клуб Јанта Волеј | 15.000,00 |
| - Џудо клубот Вардар | 15.000,00 |
| - Спортски радио - ориентационен клуб "Младост" | 15.000,00 |

ВКУПНО СРЕДСТВА ЗА СПОРТСКИТЕ ДРУШТВА: ............. 910.000,00 ДЕНАРИ

II. Средства за спортски турнири и манифестации:

| | |
|---|---|
| - Централен турнир во н. Триангла | 30.000,00 |
| - Карате турнир "Гази Баба опен" | 12.000,00 |
| - Карате турнир "Солидарност" | 12.000,00 |
| - Турнир во пикадо "8 Септември" | 12.000,00 |
| - н.м. Колонија | 12.000,00 |
| - н.м. Трубарево | 12.000,00 |
| - н.м. Јурумлери | 12.000,00 |
| - н.м. Раштак | 12.000,00 |
| - н.м. Булачани | 12.000,00 |
| - н.м. Смиљковци | 12.000,00 |
| - н.м. Црешево | 12.000,00 |
| - н.м. Брњарци | 12.000,00 |
| - н.м. Маџари 2 | 12.000,00 |

- н.м. Крсте Мисирков ........................................ 12.000,00
- н. м. Питу Гули ............................................ 12.000,00
- н.м. Автокоманда ........................................... 12.000,00
- н.м. Кирил Петрушевски ...................................... 12.000,00
- н.м. Стајковци .............................................. 12.000,00
- н.м. Железара ............................................... 12.000,00
- н.м. Сингелиќ ............................................... 12.000,00
- н.м. Хиподром ............................................... 12.000,00

ВКУПНО СРЕДСТВА ЗА СПОРТСКИ ТУРНИРИ И МАНИФЕСТАЦИИ: ... 270.000,00 ДЕНАРИ

III. Средства за поддршка на талентирани спортисти
во индивидуални спортови: .......................... 100.000,00 денари.

ВКУПНО СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ
ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ: ......................... 100.000,00 ДЕНАРИ

ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА
СПОРТ ЗА 2013 ГОДИНА ............................1.280.000.00 ДЕНАРИ.

СРЕДСТВА ЗА СПОРТСКИТЕ ДРУШТВА: .................... 910. 000,00 ДЕНАРИ
СРЕДСТВА ЗА СПОРТСКИ ТУРНИРИ И МАНИФЕСТАЦИИ: ........ 270.000,00 ДЕНАРИ
СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ
ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ: ......................... 100.000,00 ДЕНАРИ

ВКУПНО: ......................................... 1.280.000.00 ДЕНАРИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/18**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за училишен спорт на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/17**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за јавни дејности**

# ПРОГРАМА
# ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

**Декември, 2012 година**

## II ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ/ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ______________ ВО 2012г.

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ГРАД СКОПЈЕ | ДОНАТОРИ | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| 1 | Хонорар за наставниците | | 252.000,00 | | | | | | | 252.000,00 |
| 2 | Лига Футсал -машки | | 138.800,00 | | | | | | | 138.800,00 |
| 3 | Турнир Футсал-женски | | 51.800,00 | | | | | | | 51.800,00 |
| 4 | Лига Кошарка-машки | | 138.800,00 | | | | | | | **138.800,00** |
| 5 | Турнир кошарка-женски | | 51.800,00 | | | | | | | **51.800,00** |
| 6 | Турнир ракомет-женски | | 51.800,00 | | | | | | | 51.800,00 |
| 7 | Турнир Одбојка-за ден на општината | | 33.000,00 | | | | | | | **33.000,00** |
| 8 | Турнир Одбојка-женски | | 51.800,00 | | | | | | | **51.800,00** |
| 9 | Турнир во пинг-понг | | 20.000,00 | | | | | | | **20.000,00** |
| 10 | За есенски крос | | 80.000,00 | | | | | | | **80.000,00** |
| 11 | За атлетика | | 44.400,00 | | | | | | | **44.400,00** |
| 12 | Игри без граници | | 41.200,00 | | | | | | | **41.200,00** |
| 13 | За еднодневен излет за првопласираните екипи | | 75.500,00 | | | | | | | **75.500,00** |
| 14 | Отворени забавни фудбалски школи | | 220.000,00 | | | | | | | **220.000,00** |
| 15 | Спортски Реквизити | | 200.000,00 | | | | | | | **200.000,00** |
| | | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО | | **1.450.900,00** | | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **1.450.900,00** |
| | | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **100,00** | | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | |

Врз основа на член 22 став (1) точка 6, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

I ВОВЕД

Вклученоста на спортот и спортските активности во секојдневието на младите допринесува за изградбата на здрави млади личности. Само физички активната младина може вистински да го развива својот интелектуален потенцијал и да гради силна волја и јак морален дух. Спортот и физичките активности се важни за здравјето на младите, што им помага во процесот на совладување на наставните содржини, во напорната работа, во секојдневните предизвици, како и во постигнувањето на успехот. За остварување на целите и принципите кои произлегуваат од програмските определби, а со цел за непречено, ефикасно и навремено реализирање на зацртаните активности, потребни се следниве финансиски средства:

■ За хонорар на водачите на екипи:
Месечен хонорар за водачите на екипите следува:
- 3.000,00 денари x 12 водачи на екипа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36.000,00 ден.
- 7 месеци x 36.000,00 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 216.000,00 ден.
Вкупно: . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 252.000,00 ден.

■ За лигата во футсал-машки:
- 144 дресови за учениците x 800,00 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 115.200,00 ден.
- За лекар надомест 11 кола x 500,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5.500,00 ден.
- За судија надомест 11 кола x 500,00 ден . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5.500,00 ден.
- За дипломи за учениците 180 x 20,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.600,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000,00 ден.
- 1 место . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000,00 ден.
- 2 место . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2.000,00 ден.
- 3 место . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.000,00 ден.
Вкупно: . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 138.800,00 ден.

■ За турнир во футсал-женски:
- 144 маици за учениците x 300,00 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 43.200,00 ден.
- За судија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.000,00 ден.
- За лекар . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.000,00 ден.
- За дипломи за учениците 180 x 20,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.600,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000,00 ден.
Вкупно: . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51.800,00 ден

■ За лигата во кошарка - машки
- 144 дресови за учениците x 800,00 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 115.200,00 ден.
- За лекар надомест 11 кола x 500,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5.500,00 ден.
- За судија надомест 11 кола x 500,00 ден . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5.500,00 ден.
- За дипломи за учениците 180 x 20,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.600,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000,00 ден.
- 1 место . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000,00 ден.
- 2 место . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2.000,00 ден.

- 3 место ............................................ 1.000,00 ден.
Вкупно: ............................................ 138.800,00 ден.

■ За турнир во кошарка - женски
- 144 маици за учениците x 300,00 ........................... 43.200,00 ден.
- За судија ............................................ 1.000,00 ден.
- За лекар ............................................ 1.000,00 ден.
- За дипломи за учениците 180 x 20,00 ден. ..................... 3.600,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. ................................ 3.000,00 ден.
Вкупно: ............................................ 51.800,00 ден.

■ За турнир во ракомет-женски
- 144 маици за учениците x 300,00 ........................... 43.200,00 ден.
- За судија ............................................ 1.000,00 ден.
- За лекар ............................................ 1.000,00 ден.
- За дипломи за учениците 180 x 20,00 ден. ..................... 3.600,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. ................................ 3.000,00 ден.
Вкупно: ............................................ 51.800,00 ден.

■ За турнир во одбојка - за ден на општината
- 100 маици за учениците x 300,00 ........................... 30.000,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. ................................ 3.000,00 ден.
Вкупно: ............................................ 33.000,00 ден.

■ За турнир во одбојка-женски
- 144 маици за учениците x 300,00 ........................... 43.200,00 ден.
- За судија ............................................ 1.000,00 ден.
- За лекар ............................................ 1.000,00 ден.
- За дипломи за учениците 180 x 20,00 ден. ..................... 3.600,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. ................................ 3.000,00 ден.
Вкупно: ............................................ 51.800,00 ден

■ За ПИНГ- ПОНГ (машки - женски)
- Маици 50 x 300,00 ден. ................................ 15.000,00 ден.
- За судија ............................................ 1.000,00 ден.
- За дипломи за учениците 50 x 20,00 ден. ...................... 1.000,00 ден.
- Пехари 3 x 1000,00 ден. ................................ 3.000,00 ден.
Вкупно ............................................ 20.000,00 ден.

■ За ЕСЕНСКИ КРОС
- Превоз 9 автобуси x 4.000,00 ден ........................ 36. 000,00 ден.
- Озвучување ............................................ 8.000,00 ден.
- Кроасани ............................................ 18.000,00 ден.
- Вода ............................................ 10.000,00 ден.
- Брза помош ............................................ 4.000,00 ден.
- Капија ............................................ 4.000,00 ден.
Вкупно ............................................ 80.000,00 ден.

■ За АТЛЕТИКА
- Дневен хонорар за водачите на екипите
- 700,00 денари x 12 водачи на екипа ........................ 8.400,00 ден.
- Маици 120 x 300,00 ден. ................................ 36.000,00 ден.
Вкупно ............................................ 44.400,00 ден.

■ Игри без граници
- 110 маици х 300 .................................... 33.000, 00 ден.
- 110 Вода .......................................... 2.500, 00 ден.
- дипломи ........................................... 2.200, 00 ден.
- Пехари ............................................ 3.000,00 ден.
- лекар ............................................. 500,00 ден.
Вкупно .............................................. 41.200,00 ден.

■ За еднодневен излет на првопласираните екипи од сите спортови
- Превоз 3 автобуси ................................. 60.000, 00 ден.
- Ужинка ............................................ 6.500, 00 ден.
- Вода .............................................. 5.000, 00 ден.
- Сок ............................................... 4.000, 00 ден.
Вкупно .............................................. 75.500,00 ден.

■ Отворени забавни фудбалски школи ..................... 220.000,00 ден.
■ Спортски реквизити .................................. 200.000,00 ден.
■ За хонорар на водачите на екипи ...................... 252.000,00 ден.
■ За лига во фудбал-машки .............................. 138.800,00 ден.
■ За турнир во фудбал-женски ........................... 51.800,00 ден.
■ За лигата во кошарка-машки ........................... 138.800,00 ден.
■ За турнирот во кошарка-женски ........................ 51.800,00 ден.
■ За турнирот во ракомет-женски ........................ 51.800,00 ден.
■ За турнир во одбојка- за ден на општината ............ 33.000,00 ден.
■ За турнир во одбојка-женски .......................... 51.800,00 ден.
■ За турнирот во пинг-понг ............................. 20.000,00 ден.
■ За есенски крос ...................................... 80.000,00 ден.
■ За атлетика .......................................... 44.400,00 ден.
■ Игри без граници ..................................... 41.200,00 ден.
■ За еднодневен излет на првопласираните екипи ......... 75.500,00ден.
■ Отворени забавни фудбалски школи ..................... 220.000,00 ден.
■ Спортски реквизити ................................... 200.000,00 ден

ВКУПНО: ............................................... 1.450.900,00 ден.

НАПОМЕНА: Горенаведените средства се наменуваат за потребите за реализирање на активностите на ОСУСГБ за учебната 2012/2013 год.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/19**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за тековно одржување на училиштата на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/18**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за јавни дејности**

# ПРОГРАМА

# ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

**Декември, 2012 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 8, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), , Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четвртата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА,**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА**

I ВОВЕД

Со цел да се динамизира и подобри квалитетот на воспитно-образовниот процес се наметнува потребата секоја локална самоуправа нагласено внимание да посвети на подигање-то на нивото на образовниот систем и за таа цел потребно е да се извршат потребни санации и реконструкции во основните училишта.

## II ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
## СЕКТОРОТ/ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ________________ ВО 2013г.

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ГРАД СКОПЈЕ | ДОНАТОРИ | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | | во МКД |
| 1 | Санација на подови ОУ,,25 Мај,, | лето 2013 | | | | 250.000,00 | | | | 250.000,00 |
| 2 | Санација на подови ОУ,, Григор Прличев,, | лето 2013 | | | | 200.000,00 | | | | 200.000,00 |
| 3 | Санација на санитарни чворови ОУ,,Н.Н. Борче,, | лето 2013 | | | | 250.000,00 | | | | 250.000,00 |
| 4 | Санација на покрив ОУ,, Дане Крапчев,, | лето 2013 | | | | 250.000,00 | | | | **250.000,00** |
| 5 | Санација на покрив ОУ,, Крсте Мисирков,, | лето 2013 | | | | 300.000,00 | | | | **300.000,00** |
| 6 | Санација на покрив на ОУ,,К.Мисирков,,ПУ Брњарци | лето 2013 | | | | 150.000,00 | | | | 150.000,00 |
| 7 | Санација на прозори ОУ,,Наум Охридски,, | лето 2013 | | | | 300.000,00 | | | | **300.000,00** |
| 8 | Санација на прозори ОУ,,Његош,, | лето 2013 | | | | 300.000,00 | | | | **300.000,00** |
| 9 | Санација на прозори ОУ,,Крум Тошев,, | лето 2013 | | | | 300.000,00 | | | | **300.000,00** |
| 10 | Санација на прозори ОУ,,Кирил и Методиј | лето 2013 | | | | 250.000,00 | | | | **250.000,00** |
| 11 | Санација на прозори ПУ Страчинци | лето 2013 | | | | 150.000,00 | | | | **150.000,00** |
| 12 | Санација на фасада ОУ,,Стив Наумов | лето 2013 | | | | 250.000,00 | | | | **250.000,00** |
| 13 | Санација на филскутурна сала ОУ,,Вера Јоциќ,, | лето 2013 | | | | 300.000,00 | | | | **300.000,00** |
| 14 | Санација на ѕид ОУ,,25 Мај стара зграда | лето 2013 | | | | 150.000,00 | | | | **150.000,00** |
| 15 | Регистар на ОУ | | 30.000,00 | | | | | | | **30.000,00** |
| 16 | Парно во ОУ,,25 Мај,, во стара зграда | лето 2013 | 1.000.000,00 | | | | | | | **1.000.000,00** |
| 17 | Реконструкција на други објекти | | 2.950.000,00 | | 2.400.000,00 | | | | | **5.350.000,00** |
| | | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО | | **3.980.000,00** | | **2.400.000,00** | **3.400.000,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **9.780.000,00** |
| | | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **40,70** | | **24,54** | **34,76** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | |

III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Подови
- ОУ "25 Мај" ........................................ 250.000,00 ден
- ОУ "Григор Прличев" ................................ 200.000,00 ден.
ВКУПНО: ............................................. 450.000,00 ден.

2. Санитарни чворови
- ОУ "Наум Наумовски-Борче" .......................... 250.000,00 ден.
ВКУПНО: ............................................. 250.000,00 ден.

3. Покрив
- ОУ "Дане Крапчев" .................................. 250.000,00 ден..
- ОУ "Крсте Мисирков" ................................ 300.000,00 ден
- ОУ "Крсте Мисирков"ПУ Брњарци ....................... 150.000,00 ден
ВКУПНО: ............................................. 700.000,00 ден.

4. Прозори
ОУ "Наум Охридски" .................................... 300.000,00 ден.
ОУ "Његош" ............................................ 300.000,00 ден.
ОУ "Крум Тошев" ....................................... 300.000,00 ден.
ОУ "Кирил и Методиј" .................................. 250.000,00 ден
ОУ "Кирил и Методиј"-ПУ Страчинци ...................... 150.000,00 ден
ВКУПНО: ............................................. 1.300.000,00 ден.

5. Фасада
- ОУ "Стив Наумов" .................................... 250.000,00 ден
ВКУПНО ............................................... 250.000,00 ден

6. Филскутурна сала
- ОУ "Вера Јоциќ" ..................................... 300.000,00 ден.
ВКУПНО ............................................... 300.000,00 ден

7. Санација на ѕид
- ОУ "25 Мај" стара зграда ............................ 150.000,00 ден
ВКУПНО ............................................... 150.000,00 ден

8. Парно
- ОУ "25 Мај" стара зграда ............................ 1.000.000,00 ден

9. Регистар за ОУ ..................................... 30.000,00 ден
Вкупно ............................................... 30.000,00 ден

10. Реконструкција на други објекти

Реконструкцијата општината ќе ја изврши заедно со донација од Швајцарската агенција за развој и соработка за следните училишта:

1. ОУ "Кирил и Методиј" и ПУ во с.Страчинци ограда
   и санација на пристапни патеки ........................ 1.294.617,00
2. ОУ "Крсте Мисирков" осветлување ......................... 597.400,00

3. ОУ "Наум Охридски" патека за пристап до резервоарот за нафта и дел ограда . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.419.500,00
4. ОУ "Наум Наумовски Борче" санација на тротоар и пристапна патека 1.052.492,00
5. ОУ "Дане Крапчев" пристапни патеки и осветлување . . . . . . . . . . . . . 921.560,00

ВКУПНО . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5.350.000,00

**СЕ ВКУПНО (1,2,3,4,5,6,7,8,9,10) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9.780.000,00**

**Број 07 - 4030/20**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/19**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за заштита на животната средина и природата**

# ПРОГРАМА
# ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

**Декември, 2012 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

## I ВОВЕД

Општина Гази Баба како една од општините во Градот Скопје, има ингеренции согласно Законот за животна средина, Законот за заштита од штетна бучава, Закон за управување со отпад, Закон за управување со отпад од пакување, Закон за амбиентен воздух, Закон за води и Закон за заштита на природата. Согласно законските обврски, постојат јасно укажани насоки за реализација на активностите.Токму затоа и Програмата за 2013 година се однесува на обврските на Општина Гази Баба кон реализација на законските обврски а се со цел подобрување на квалитетот на животната средина и грижа за здравјето на жителите во Општина Гази Баба. Исто така, во Програмата се опфатени и активности за подигање на нови и одржување на зелените површини кои се основа за унапредување на животната средина.

## 1.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на оваа програма е да се одслика реалната состојба на квалитетот на животната средина во општината како и превземање на соодветни мерки согласни со Законот за животна средина? заштита на животот и здравјето на луѓето, предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз животната средина и превземање на контролата врз активнистите кои ја загрозуваат животната средина, со единствена цел за подобрување на квалитетот на живеење на населението на подрачјето на Општина Гази Баба.

## II ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
### Сектор за заштита на животна средина и природата во 2013г.

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Реализација на локален акционен план за заштита на животна средина донесен во 2007 година и изработка на нов ЛЕАП | јануари-декември | 460.000,00 | | | | | | **460.000,00** |
| 2 | Средстава за реализација на План и Програма за управување со отпад | јануари-декември | 150.000,00 | | | | | | **150.000,00** |
| 3 | Изработка на Катастар на загадувачи на територија на Општина Гази Баба | јануари-декември | 300.000,00 | | | | | | **300.000,00** |
| 4 | Лабораториски услуги за мерење на загадување на вода,воздух,почва и штетна бучава | јануари-декември | 300.000,00 | | | | | | **300.000,00** |
| 5 | Подигање на нови зелени површини и реконструкција на постоечките | февруари-мај | 300.000,00 | 300.000,00 | 300.000,00 | | | | **900.000,00** |
| 6 | Набавка на декоративни садници и сезонско цвеќе | февруари-ноември | 300.000,00 | | | | | | **300.000,00** |
| 7 | Проекти за подигање на еколошка свест | јануари-декември | 100.000,00 | | | | | | **100.000,00** |
| 8 | Одржување на трибини и јавни расправи | јануари-декември | 100.000,00 | | | | | | **100.000,00** |
| 9 | Обележување на денови од Еко календар | јануари-декември | 100.000,00 | | | | | | **100.000,00** |
| 10 | Подигање на еколошката свест во основните училишта и градинките во ОГБ | | 100.000,00 | | | | | | **100.000,00** |
| 11 | Реализација на проекти за ЕКО училиште | | 30.000,00 | | | | | | **30.000,00** |
| | ВКУПНО | | **2.240.000,00** | **300.000,00** | **300.000,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **2.840.000,00** |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | **78,64** | **10,56** | **10,56** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |

III. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1.Реализација на локален акционен план за животна средина донесен во 2007 година и изработка на нов ЛЕАП

Општина Гази Баба донесе стратешки план за заштита на животната средина во 2007 година, во кој се дефинирани мерки и активности кои е неопходно да се превземат до 2013 година во насока на подобрување на квалитетот на животната средина. Средствата од 460.000,00 денари се предвидени за дореализација на предвидени активности од ЛЕАП донесен во 2007 година, како и за потребата за изработка на нов ЛЕАП за територија на општина Гази Баба.

2 . Средстава за реализација на План и Програма за управување со отпад

Планот и Програмата за управување со отпад се стратешки документи во насока на имплементација на Законот за управување со оптад. Општина Гази Баба во 2008 година ги изработи овие документи кои дефинираат активности во насока на подобрување на управување со отпад. Дел од тие активности се веќе реализирани ( набавка и делење на идивидулани канти за смет, воспоставување на систем за подигање на отпад од руралниот дел на општината). Средствата од 150.000,00 денари се потребни за имплементација на останатите активности наведени во планот и програмата за управување со отпад.

3. Изработка на Катастар на загадувачи на територија на Општина Гази Баба е неопходна активност која треба да се спроведе со стручни лица од областа на животната средина. Катастарот треба да ги содржи најголемите загадувачи на воздухот, водата, почвата како и загадувачите со штетна бучава. Самата нивна идентификација ќе помогне кон нивно полесно контролирање и воспоставување систем за следење на состојбите.

4. Лабораториски услуги за мерења на загадувањето на водата, воздухот, почвата и штетната бучава.

Во рамките на своите активности, Секторот за заштита на животна средина и природата во Општина Гази Баба трбеба да воспостави систем за следење на состојбите со медиумите на животната средина и затоа предлагаме месечни мерења на нивоата на загадување на 4 локации а реултатите ќе бидат објавени на општинската веб страна. На тој начин ќе имаме реална слика за состојбата на терен и ќе можеме да превземаме мерки за подобрување на истата.

5. Подигање на нови зелени површини и реконструкција на постоечките.

Подигањето и одржување на зелените површини на територија на Општина Гази Баба е надлежност на ЈП ? Паркови и Зеленило ? кое добива и подршка од ЈКП Гази Баба 2007. Сепак за збогатување на зелениот фонд потребно е подиганење на нови зелени површини и реконструкција на веќе постоечките.

6.Набавка на декоративни садници и сезонски цвеќиња

Општина Гази Баба секоја година набавува декоративни садници за дворовите на основните училишта и градинките како и сезонско цвеќе за разубавување на парковите, улиците, дворовите на јавните институции.

7. Проекти за подигање на еколошка свест

Еколошката свест на национално ниво е ниска и затоа е потребно да се организираат

проекти со здруженија на граѓани ви кои ќе се врши едукација, советување, делење на промотивни матријали со кои на некој начин ќе се придонесе кон подигање на свеста за заштита на животната средина.

8. Одржување на трибини и јавни расправи

Согласно Законот за животна средина, локалната самоуправа е надлежна за спроведување на јавни расправи по однос на А интегрирани еколошки дозволи на големите инсталации. Исто така на барање на граѓаните се организираат и трибини за запознавање со состојбите со загадувачите или со животната средина кои повлекуваат средства за реализација на истите.

9. Обележување на денови од ЕКО календар

Потребно е да се воспостави пракса за обележување на најважните денови од Еко календарот ( Ден на Планетата Земја, Ден на заштита на водите, Ден на екологија, Ден без автомобили, Ден за борба против пушењето, Ден на дрвото и слично ). На истите се манифстираат различни активности со што Општина Гази Баба би го сменила епитетот од индустриска во еколошка општина.

10. Подигање на еколошката свест во основните училишта и градинките во ОГБ

Потребна е сеопфатна едукација на децата од основните училишта и градинките за нивната улога и одговорност во зачувување на животната средина во која живеат и растат. Да им се развие свеста за штетноста на загадената средина, односно предноста за чистата вода за пиење, чистиот воздух што го дишат, соодветното складирање на отпад и слично.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/21**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/20**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за јавни дејности**

# ПРОГРАМА
## ЗА ЗДРАВСТВО, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

**Декември, 2012 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четвртата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ЗДРАВСТВО, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

## I ВОВЕД

Со стапувањето во сила на Законот за локална самоуправа во Република Македонија, голем дел од надлежностите на централно, преминуваат на непосредно локално ниво. Тоа претставува мошне значаен, но и напорен чекор кон процесот на зајакнување на капацитетите на субјектите во локалната заедница.

Врз основа на Законот за социјална заштита, во општите одредби, поточно членот 6, "Службен весник на Република Македонија" бр.21/06-пречистен текст општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита, преку донесување на сопствени програми за специфичните потреби на граѓани:

- Лицата со телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца од улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на droги и алкохол, старите лица без семејна грижа и сл.

Основни социјални ризици, на кои најчесто се изложени граѓаните се следниве:

- Ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- Ризици од стареење (старост и преживување);
- Ризици по мајчинство и семејство;
- Ризици од невработеност
- Ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

Единиците на локалната самоуправа како едни од главните носители на социјалната заштита се одговорни за:

- Донесување на развојни програми за социјална заштита;
- Основање на јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- Реализирање на социјални програми во соработка со останатите сегменти јавниот сектор, приватниот сектор и невладини организации.

Општина Гази Баба со своите активности значајно место му посветува на продлабочувањето на процесот на децентрализација во областа на социјална заштита, согласно специфичните потреби на населението кое живее на територијата.

**II ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА**
**СЕКТОРОТ/ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ______________________ ВО 2013г.**

| Бр. | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | БУЏЕТ НА ОГБ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
| | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Новогодишни пакетчиња | 12, 2013 год. | 137. 500 | | | | | | 137 500 |
| 2 | Народна кујна | 2013 год. | 30. 000 | | | | | | 30 000 |
| 3 | Инклузија на деца роми во ЈУДГ | 2013 год. | 108. 500 | | | | | | 108 500 |
| 4 | Пакети со храна за социјално загрозени семејства | 2013 год. | 35. 000 | | | | | | 35 000 |
| 5 | Дрва за огрев за социјално загрозени семејства | 2013 год. | 200. 000 | | | | | | 200 000 |
| 6 | Сообраќајна култура на децата во детските градинки | 2013 год. | 10. 000 | | | | | | 10 000 |
| 7 | Подршка на самохрани родители од социјален ризик | 2013 год. | 90. 000 | | | | | | 90 000 |
| 8 | Еднократна парична помош на семејства од висок социјален ризик | 2013 год. | 750. 000 | | | | | | 750 000 |
| 9 | Патролна социјална работа | 2013 год. | 66. 000 | | | | | | 66 000 |
| 10 | Помагала и реквизити за лица со хендикеп и со посебни потреби | 2013 год. | 200.000,00 | | | | | | 200 000 |
| 11 | ВКУПНО | | 1.627.000,00 | | | | | | 1.627.000,00 |
| | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО | | 1.827.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.627.000,00 |
| | | | | | | | | | |
| | Структура во % | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

III ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

1. Новогодишни пакетчиња

- Дневен Центар за деца од улица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40 пакетчиња;
- Дневен Центар за деца со посебни потреби . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30 пакетчиња;
- СОС Детско Село . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 85 пакетчиња;
- Деца од социјално загрозени семејства . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30 пакетчиња;
- Деца со целебрална парализа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10 пакетчиња;
- Деца со посебни потреби од основни училишта . . . . . . . . . . . . . . . . 50 пакетчиња;
- Деца-жртви на семејно насилство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30 пакетчиња

Вкупно 275 пакетчиња по цена од 500 ден . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 137 500 денари

2.Народна кујна

- општината набавува сетови за храна (3 во 1) . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20 000 денари
- хигиенски средства . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10 000 денари

Вкупно . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 30 000 денари

3.Инклузија на деца роми во ЈУДГ

- Вкупно оваа година ќе бидат 25 деца од кои 7 финансирани од Општина Гази Баба

Вкупно . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 108 500 денари

4.Пакети на социјално загрозени семејства

-поделба на пакети со храна и хигиенски производи

Вкупно 50 пакети по цена од 700 ден . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35 000 денари

5.Дрва за огрев за социјално загрозени семејства

-поделба на дрва за огрев

Вкупно 60 кубика по цена од _______ ден . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 200.000 денари

(за 1 кубик дрва земена е цена од 3.300 ден со ДДВ без превоз)

6.Сообраќајна култура на децата од детските градинки

- препознавање на сообраќајните знаци,
- безбедно движење и преминување преку улица,
- почитување на сообраќајните правила
-

Вкупно 500 линијари по цена од 20 денари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10 000 денари

7. Поддршка на самохрани родители од социјален ризик

- ослободување од партиципација на децата во градинка
- набавка на чевли, облека и прехрамбени продукти
- психо-социјална поддршка на децата и родителите

Вкупно за 5 деца по цена од 18 000 годишно .................. 90 000 денари

8. Еднократна парична помош на ризични групи
- ублажување на штета од елементарна непогода- пожар, поплава и сл.на корисници на социјална помош;
- лекување;
- деца без родители и родителска грижа;
- самохрани родители
Вкупно ............................................ 750.000 денари

9.Патролна социјална работа
- увид во домовите на семејствата од висок социјален ризик;
- води социјална карта за одреден случај;
- интервенција во институции кои треба да го превземат случајот;
- вклучување на семејството или поединецот во системот на социјална заштита.

Во моментот тимот се состои од три патролни социјални работници, Општина Гази Баба плаќа за еден.
Вкупно - 12 месеци по 5 500 денари ......................... 66.000 денари

10.Помагала и реквизити за лица со хендикеп и со посебни потреби
-набавка на инвалидски колички, акумулатори за инвалидски колички и други помагала.
Вкупно ............................................ 200.000 денари

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/22**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/21**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

бул. Александар Македонски бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: 003892 322 66 55
e-mail: contact@gazibaba.gov.mk

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за јавни дејности**

# ПРОГРАМА
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

**Декември, 2012 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четвртата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ,**
**НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА**

I. ВОВЕД

Во Општина Гази Баба во Секторот за јавни дејности, образование, спорт и култура се остваруваат правата на децата преку:

- обезбедување на еднаков пристап кон сите нивоа на образование без разлика - на половата, националната,верска и друга припадност;
- обезбедување на квалитетна воститно -образовна дејност со најмалите,
- обезбедување на посебни услови за воспитание на деца со посебни потреби.

Предучилишните деца поголемиот дел од времето престојуваат во детските градинки, со цел да им се обезбеди правилен психо-физички развој за нивно полесно вклучување во воспитно - образовниот систем.

Со процесот на децентрализација во предучилишното воспитание и образование на најмладите се изврши редистрибуција на одговорноста на главните прашања( подобрување на квалитетот за престојување на децата,професионално унапредување на воспитниот кадар, финансирањето).

Предучилишното образование во Општина Гази Баба се реализира во две детски градинки. Организацијата и содржината на дејноста се остварува преку донесување на годишни програми и извештаи кои ги изготвува Бирото за развој на образованието.Истите се во согласност со измените и дополнувањата на законот за детска заштита( Сл. весник на РМ 98/00,17/03,65/04).

Приходите што се утврдени со Буџетот не се фиксно определени. Промени во буџетот можат да се вршат во рамките на вкупно утврдениот износ на приходи.

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во соодветен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на Буџет на Општината. Градоначалникот на Општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планираното може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот Градоначалникот на Општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 Ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената на средствата во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници и ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени со Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограмите, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на дотации (Блок дотации), буџетот на донации и буџетот на самофинансирачки активности планираните приходи и други приливи не

се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци. Градоначалникот до Министерството за финансии доставува квартален извештај за извршување на буџетот (Образец К1), квартален извештај за достасани ненамирени обврски (Образец К2) и квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување (Образец К3) во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

**Член 9**

Исплатата на платите и на надоместоците на вработените од Општината и од локалните јавни установи ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, законите и колективните договори,

- за вработените што имаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 73,8 денари;

- за вработените што немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 14,03 денари.

На вработените во Општината им следува исплата на надомест за годишен одмор во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на РМ објавена до денот на исплатата, кој се исплатува еднаш во годината.

Исплатата на платите кај јавните локални установи се утврдува согласно колективните договори и утврдената вредност на платите на ниво на Министерствата кои вршат соодветно финансирање на платите на вработените.

Исплатата на плати од локалните установи кои се финансираат од блок дотациите ја контролира и одобрува Министерството за финансии на РМ.

Буџетските корисници се должни најдоцна до 25ти во месецот до Општината да достават Барање за одобрување на средствата за плати при што треба да приложат во два примероци.

- Образец ПДП-МП И МП-1;
- Образец ИР (Интерна рекапитулација)
- Образец Ф1 (истиот снимен и на еден од медиумите ЦД, е-маил, дискета, во ексел формат);
- за месецот за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, локалните јавни установи што се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се должни да достават известување до Општина Гази Баба за обезбедени финансиски средства, согласност од надлежното Министерство и Министерството за финансии и да приложат Образец М-1, и одобрение од Градоначалникот на Општина Гази Баба за новото вработување.

**Член 10**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководењето и организирањето на работата на Советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 11**

За избраните и именуваните лица во општината, односно Градоначалникот на Општина Гази Баба, појдовната основа за одредување на коефициент за утврдување на плата е определен според бројот на жители во општината помножен со основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и други

избрани и именувани лица во Република Македонија, и тој коефициент изнесува 3,4 со оглед на тоа дека Општина Гази Баба има над 50.000 жители.

**Член 12**

Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените податоци од корисниците.

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на Општината, збирната пресметка и поединечните пресметки Градоначалникот ги доставува до ресорното Министерство преку кое се трансферираат блок дотациите.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплатата на платите и надоместоците ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција

**Член 13**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката нема да се исплаќаат додека дневница за службено патување надвор од Републиката ќе се исплаќа во износ од 35% од утврдената дневница за соодветна земја согласно уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци или во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот во Општината и во локалните јавни установи може да се исплати помош до висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработениот во Општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од две последни просечно исплатени плати во органот каде што е вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

**Член 16**

На вработениот во Општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош до висина на една последна исплатена просечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во Општината и локалната јавна установа и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса, што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош) или друг соодветен документ.

**Член 17**

Надоместоците кои се утврдени во членовите 15 и 16 се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната, односно во наредната година .

За сите исплати важи правилото: Исплатите се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на Општината.

**Член 18**

Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и во локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеа 2 и став 2 од Законот за исплата на платите од средствата на тековните резерви на Општината.

Надоместокот за отпремнина изнесува двократен износ од платата исплатена во РМ за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

**Член 19**

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со веродостојни документи во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди (во готово) во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи (во готово плаќање) до 6.000,00 денари при што задолжително мора да

биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите ( за тековни и постојана резерва) одлучува Советот на Општината а ги извршува Градоначалникот и за тековната резерва (непредвидливи расходи) одлучува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечен случај при што во износот не влегува персоналниот данок на доход.

За користењето на средствата од постојаната резерва за надомест на штета од природни непогоди, епидемии и други несреќи, во смисол на член 34 од Законот за заштита и спасување, одлучува Советот на Општина Гази Баба.

Заедно со завршната сметка за претходната година, Градоначалникот на општината поднесува до Советот на општината извештај за користењето на средствата на буџетската резерва.

**Член 21**

Во Општината може да се вработуваат нови работници и да се пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на Општината.

За обезбедените средства Градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација и согласно Актот за систематизација.

**Член 22**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на терет на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 23**

Корисниците на буџетските средства доставуваат: месечни и тримесечни извештаи за трошењето на средствата, набавките на капитални средства и месечни и тримесечни извештаи за обврските постари од 30 дена до Градоначалникот.

**Член 24**

Средствата утврдени во Буџетот, а распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

**Член 25**

Потписник на сметката на буџетот на општината е Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Буџетот на Општина Гази Баба Скопје се извршува од 01.01.2013 до 31.12.2013 година.

**Член 27**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/27**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва**

1. Се објавува Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/26**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 31 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 22 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06) Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува користење и распределба на средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите:

(постојана и тековна резерва), одлучува Советот на Општина Гази Баба, а ги извршува Градоначалникот но најмногу до 50.000,00 денари во поединечни случаи при што во износот не влегува персоналниот данок.

**Член 2**

Под непланирани односно непредвидени расходи се подразбираат расходи настанати од елементарни непогоди предизвикани од виша сила (поплава, пожар, земјотрес, суша, град и слично) помош при лекување, издавање книги, разни спонзорства, хуманитарни потреби, комеморации и други недефинирани трошоци, кои не се предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година.

**Член 3**

За трошење на средствата од членот 1 на оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2013 година.

**Број 07 - 4030/28**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2013 година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 21.12.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 4187/27**
**од 26.12.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 138 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Педесет и четврттата седница одржана на ден 21.12.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА
## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА

1. ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Основ за изработка на Програмата за работа на Советот се работите што со Закон се ставени во надлежност на Советот. Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на Комисијата за програмирање на работата на Советот на Општината Гази Баба. Оваа Програма во текот на годината е отворена и може да се менува и дополнува на начин и постапка како што е и донесена.

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за правни и општи работи

2. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2013 ГОДИНА.

Образложение: Со Одлуката се врши утврдување на највисокиот износ на готовински парични средства кои можат да се чуваат во благајната на Општината во 2013 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначални на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

3. ПРЕДЛОГ- ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Завршната сметка се донесува согласно Законот за Буџетите. Завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата трошоците и се состои од општ и посебен дел и биланс на приходи и расходи.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во Извештајот ќе бидат опфатени материјалното и финансиското работење на општината во 2012 година, односно трошењето на средствата од Буџетот на Општината. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година при што ќе се даваат податоци за остварување на Буџетот на Општината.

ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за финансиски прашања

5. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'', НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧИ:Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

6. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

7. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места на подрачјето на Општината Гази Баба. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секој три месеци во тековната година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

8. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности кои биле реализирани во тековната година. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

9. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ НА УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

12. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за тековното одржување на училишта во Општина Гази Баба за 2012 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

13. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за протоколарни активности и востановени традиционални активности за 2012 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Градоначалникот

14. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани финансиските средства потрошени за реализација на програмата за проекти од здруженија на граѓани за 2012 годинагодина.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Градоначалникот

15. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИТЕ

ГРАДИНКИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА.

Образложение: Во информацијата ќе бидат искажани состојбите и проблемите во врска со кадровската и техничката опременост на Основните училишта и Детските градинки на подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за општествени дејности
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

16. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА.

Образложение: Со Информирањето ќе бидат искажани состојбите и проблемите од безбедносен аспект, со посебен осврт за движењето и сузбивањето на наркоманијата на подрачјето на Општина Гази Баба.
Информирање за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Гази Баба ќе дадат Градоначалникот на Општината Гази Баба и овластен преставник на МВР.

17. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат искажани состојбите и проблемите од еколошки аспект на подрачјето на Општина Гази Баба (аерозагадување, снабдување и составот на водата за пиење на основа добиените податоци од мерните пунктови, одржувањето на јавната чистота и слично).

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина и природата

18. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОСТАПКА.

Образложение: Во Информацијата ќе бидат наведени колку и кои урбанистички планови се донесени во тековната година и проекти кои се во постапка за нивно донесување на подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и градежно земјиште

19. УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА.

Образложение: Утврдувањето на Деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села и вон населено место ќе се реализираат согласно Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и градежно земјиште

20. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Образложение: По спроведената постапка за донесување на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесуваат Одлуки за донесување на урбанистички планови за подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и градежно земјиште

21. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2013/2014 ГОДИНА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА

Образложение: Советот на Општината Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Основните училишта за 2013/2014 година, на подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Училишни одбори на училишта

22. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013/2014 ГОДИНА

Образложение: Советот на Општина Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на детските градинки за 2013/2014 година на подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧИ: Управните одбори на детските градинки

23.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат прикажани состојбите и проблемите околу реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на проблемите.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

24. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА.

Образложение: Во извештајот ќе бидат опфатени финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места од подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

25. ПРЕДЛОГ - БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2014 ГОДИНА

Образложение: Правниот основ за донесување на Буџетот и Одлуката за неговото извршување како основен акт и услов за финансирање на Општината во тековната година се Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

26. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'', НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на просторот на Општина Гази Баба за 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и градежно земјиште

27.ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Во рамките на средствата што се определени за реализација преку Агенцијата за државни патишта, ќе се предложи Програма изработена според барањата на граѓаните и нивните потреби. Исто така во Програмата ќе се определат активности за уредување на улиците во населените места и за сервисните и станбени улици на подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

28. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Со Програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата врзани со уличното осветлување на подрачјето на Општината Гази Баба.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

29.ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работењето и потребните финансиски средства по Програмата.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина и природата

30. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати активностите во врска со културата во Општина Гази Баба за 2014 година и потребните финансиски средства.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

31. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати активностите во врска со спортот во Општина Гази Баба за 2014 година и потребните финансиски средства.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

32. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати активностите во врска со училишниот спорт во Општина Гази Баба за 2014 година и потребните финансиски средства.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

33. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за тековното одржување на училиштата во Општина Гази Баба за 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

34. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за протоколарните и традиционални активности во 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на Градоначалникот

35. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за проекти на Здруженија на граѓани во 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за подршка на Градоначалникот

36. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВО, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на децата на подрачјето на општината во 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

37. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за изградба и одржување на предучилишните установи на подрачјето на општината во 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности

38. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за заштита и спасување на подрачјето на општината во 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за правни и општи работи

39. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата за локален економски развој на подрачјето на општината во 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за локален економски развој

40. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на

Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, сообраќај и енергетска ефикасност

41.ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА.

Образложение: Програмата ќе ги опфати потребните финансиски средства за реализација на Програмата и слободните локации на подрачјето на општината за спроведување на соодветни постапки согласно Законот за градежното земјиште, во надлежност на комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање, за тековната 2014 година.

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Гази Баба
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за спроведување на постапки за јавно наддавање

**Број 07 - 4030/29**
**од 21.12.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

РЕШЕНИЕ за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот на ''Водостопанство Скопско Поле – Скопје'' за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба, за 2012 година .....3

**ЗАКЛУЧОК** ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ''ВОДОСТОПАНСТВО СКОПСКО ПОЛЕ – СКОПЈЕ'', ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОКОЛУ ЧИСТЕЊЕТО НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА ЗА ОДВОДНУВАЊЕ, ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2012 ГОДИНА .....4

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица – водокорисници, за 2013 година .....5

**ОДЛУКА** ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ ВОДЕН НАДОМЕСТ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ФИЗИЧКИ ЛИЦА – ВОДОКОРИСНИЦИ, ЗА 2013 ГОДИНА .....6

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година .....7

**ОДЛУКА** ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА .....8

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2013 година .....9

**ОДЛУКА** ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА .....10

РЕШЕНИЕ за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08–3936/1 од 11.12.2012 година, за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба .....11

**ЗАКЛУЧОК** ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА .....12

РЕШЕНИЕ за објавување на Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба .....13

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА** ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА .....14

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за утврдување потреба од измена на урбанистичко–планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктура нема да се предвиди по барање УП1 бр.28–12165 за КП 621/1 КО Јурумлери .....15

**ОДЛУКА** ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗМЕНА НА УРБАНИСТИЧКО–ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28–12165 ЗА КП 621/1 КО ЈУРУМЛЕРИ .....16

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта – улици, на подрачјето на Општина Гази Баба .....17

**ОДЛУКА** ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА – УЛИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА .....18

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2013 година .....20

**ПРОГРАМА** ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА .....21

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за урбано планирање ''Ф'', на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година .....25

**ПРОГРАМА** за урбано планирање „Ф„ на општина Гази Баба за 2013 година .....26

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година .....51

**ПРОГРАМА** ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА .....52

# СОДРЖИНА

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........55

ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........56

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........60

**ПРОГРАМА** ЗА КУЛТУРА И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........61

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........68

**ПРОГРАМА** ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........69

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........72

**ПРОГРАМА** ЗА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........73

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........77

**ПРОГРАМА** ЗА СПОРТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........78

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........82

**ПРОГРАМА** ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........83

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........88

**ПРОГРАМА** ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........89

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........94

**ПРОГРАМА** ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........95

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........100

**ПРОГРАМА** ЗА ЗДРАВСТВО, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........101

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........105

**ПРОГРАМА** ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........106

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........111

**ПРОГРАМА** ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........112

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2013 година ........116

**ПРОГРАМА** ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........117

РЕШЕНИЕ за објавување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година ........122

**БУЏЕТ** НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........123

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2013 година ........161

**ОДЛУКА** ЗА ИВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........162

РЕШЕНИЕ за објавување на Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва ........166

**ОДЛУКА** ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНА И ТЕКОВНА РЕЗЕРВА ........167

РЕШЕНИЕ за објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2013 година ........168

**ПРОГРАМА** ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2013 ГОДИНА ........169

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 14/12**
**54 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци